Бр./Nr 12-1820/4

17-10-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1820/1 од 18.06.2024 година, оформен по доставена пријава против ----------------------и -------------------------Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1820/1 од 18.06.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 18.06.2024 година, поднесена е пријава против -------------------- и ---------------------- Скопје и оформен е предмет број 12-1820/1 од 18.06.2024 година.
Во пријавата подносителот, наведува дека била сместена во Пензионерскиот дом во --------- на ул. ----------- бр.---------- со која наведува дека во станот нема грејно тело – радијатор, а се наплаќале сметки за парно греење.
Подносителот бара ДКСК да го преиспита случајот и да постапи согласно нејзините законски надлежности.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до ----------------------------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени од страна на ------------------- на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
По барањето на ----------- за сместување во дом за живеење на корисници на пензија во Пензионерскиот дом во ---------- била формирана Комисија за разгледување на нејзиното барање за сместување во Дом.
Врз основа на спроведената постапка од страна на Комисијата била донесена Одлука бр.---------- од -------------- година со која барањето на ------------ за сместување во дом за живеење на корисници на пензија била усвоена, по што бил потпишан Договор за закуп на станбен простор бр.------------ од ------------- година и истиот бил солемнизиран под ОДУ бр.----------- на --------- година кај нотар ----------------- од Скопје.
Согласно член 4 од наведениот Договор, закупецот се обвзува покрај закупнината да ги сноси и сите други трошоци што се на товар на станот (потрошена електрична енергија, трошоци за централно греење, потрошена вода, ѓубретарина и надомест за одржување на хигиената за заедничките простории и други комунални трошоци). Што значи со потпишувањето на овој Договор именуваната ги прифатила условите за сместување во Домот.
За истото ------------- потпишала Изјава (нотарски заверена) со која изјавува дека е запознаена со одредбите на договорот за закуп.

При промена на радијаторите во пензионерскиот Дом во --------------, наведената не дозволила да се поставаат радијатори во станбената единица во која била сместена, а била свесна дека плаќањето на трошоците за централно греење се задолжителни, согласно Договорот за закуп.
На 12.04.2023 година -------------- се обратила до Фондот со барање да биде ослободена од плаќање на трошоците за парно греење (поради ниски примања), на што му било укажано дека истата е должна да ги плаќа наведените трошоци.
Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, беше разгледана законската регулатива и направен увид во прибавената документација, при што беше утврдено:

Согласно член 185 од Законот за пензиско и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23):
*(1) Со домовите и становите за живеење на корисниците на пензија, објектите наменети за клубови за дневен престој, објектите наменети за одмор и*

*рекреација на корисниците на пензија и други објекти што се државна сопственост, управува Фондот.*

*(2) За сместување во домовите и становите за живеење од ставот (1) на овој член корисникот на пензија поднесува барање до филијалата или деловница на Фондот според местото на живеење.*

*(3) Фондот со општ акт ги утврдува начинот и условите за сместувањето во домовите и становите за живеење, функцијата и дејноста на овие објекти како и начинот и условите на нивното работење, образецот на барањето од ставот (2) на овој член и потребната документација.*

*(4) За сместување во домовите и становите за живеење одлучува Комисија формирана од директорот на Фондот, а составена од пет члена од кои: два претставници од Фондот, два претставника од Министерството за труд и социјална политика и еден претставник од Министерството за финансии.*

*(5) При одлучувањето за сместување во домовите и становите за живеење Комисијата користи софтверска апликација за електронска распределба на домовите и становите за живеење подготвена од Фондот.*

*(6) Фондот води евиденција за распределба на домовите и становите за живеење согласно со Законот за општата управна постапка која содржи поднесени барања за сместување во домовите и становите за живеење, донесени одлуки и резултати од секоја електронска распределба на домовите и становите за живеење на корисниците на пензија.*

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д, член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата